**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## јануари – декември 2015

Скопје, 2015 година

**СОДРЖИНА:**


| | | |
|---|---|---|
| | **ВОВЕД** | **3** |
| **I.** | **МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ВЛАДАТА И ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ПРОСЛЕДЕНО СО АКТИВНОСТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ** | **5** |
| **II.** | **СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ, ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ** | **10** |
| **III.** | **ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА ИНТЕРВЕНЦИИТЕ ЗА ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА РОМИТЕ** | **13** |
| **IV.** | **МОНИТОРИНГ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА** | **14** |
| **V.** | **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВНИ, ПСИХОЛОШКИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОМОШ НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ** | **18** |
| **VI.** | **МЕДИУМСКА КОМПОНЕНТА** | **20** |

**ВОВЕД**

Програмските компоненти образложени подолу ќе се спроведат како дел од Програмата за работа на ЕСЕ за 2015. Тие се развиени во согласност со стратешките приоритети на ЕСЕ за периодот од 2014-2017.

***Мониторингот и анализата на буџети,*** како програмска компонента, беше воведена во 2008 и од тогаш претставува значајна компонента на нашата работа која има за цел: унапредување на пристапот на маргинализираните групи (жени, жени жртви на семејно насилство, жени Ромки, Роми, жени од руралните области, жени во социо-економска обесправена положба, итн.) до здравствени услуги и права во областите на здравствена и социјална заштита; застапување за подготовка на буџети на национално ниво за остварување на правата на маргинализираните групи на граѓани, ефикасно користење на расположливите финансиски средства и целосна имплементација на планираните мерки и активности; правилна распределба на средства во буџетот со цел задоволување на потребите на жените и мажите преку националните буџетски политики; подобрување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции; постигнување на зголемено граѓанско учество во буџетските процеси и процеси на одлучување кои се од интерес за граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на овој концепт. Активностите кои ЕСЕ ги спроведува во рамки на оваа компонента се проследени со активности за застапување.

***Социјална отчетност, правно описменување и оспособување*** се состои од две сродни компоненти кои имаат посебен методолошки пристап (мониторинг на заедницата и обезбедување на параправна помош). Имено, од 2011 ЕСЕ во партнерство со три локални ромски граѓански организации ја спроведува методологијата за мониторинг на заедницата како пристап за социјална отчетност, а главната цел е да се подобри опфатот на ромските деца со имунизација и превентивни услуги за здравствена заштита. Исто така, од 2011 ЕСЕ во партнерство со три локални ромски граѓански организации спроведува програма за параправна помош како пристап за правно описменување и оспособување на Ромите за да ги остварат здравствените права. За да се постигне и обезбеди поголемо влијание, активностите од двата пристапи ќе бидат споени. Процесот на спојување започна во втората половина на 2014 и ќе продолжи во првата половина на 2015 година. Напоредно со спојувањето на концептите во соработка со странски експерт и организацијата КХАМ, во 2015 година ќе продолжиме со спроведување на редовните активности во рамки на компонентата за мониторинг на заедницата во однос на имунизацијата; мониторингот на заедницата и социјалната ревизија во областа на превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на грлото на матката; обезбедување на параправна помош во општините Делчево, Пехчево и Шуто Оризари.

***Мониторинг на степенот на остварување на човековите права*** е значаен дел од работењето на ЕСЕ. ЕСЕ започна да го применува овој пристап во неколку области на интерес како што се: женските човекови права, здравјето на жените и особено сексуалното и репродуктивното здравје, и правата на пациентите и здравјето на Ромите. Оттаму, ЕСЕ во текот на 2015 во рамки на активностите за човекови права во здравствена заштита ќе подготви Извештај во сенка за остварувањето на правото на здравје и други

сродни права кои се предвидени со Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП); ќе го промовира концептот за човекови права во грижата за пациентот кај разни професионалци и пошироката јавност преку континуирано унапредување и ажурирање на интернет страната: www.healthright.mk и дистрибуција на Водичот за практичари; подготовка на стратешки случаи за повреда на здравствените права, за кои ќе бидат започнати судски постапки на национално, регионално или меѓународно ниво и подготовка на видео за застапување.

Мониторингот на женските човекови права ќе се спроведува преку активности кои придонесуваат за мониторинг на имплементацијата на препораките дадени за Р. Македонија од страна на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените. Во 2015, ЕСЕ ќе ги фокусира своите заложби на мониторинг на препораките за кои нашата Влада треба да подготви последователен извештај во 2015 во однос на сите видови на насилство врз жените. Имено, Здружението ЕСЕ во партнерство со Отворена порта/LA STRADA Македонија и Коалицијата за здравствени и сексуални права на маргинализираните заедници во 2015 година ќе работат на унапредување на судската заштита на жените - жртви на насилство и дискриминација преку: примена на судски мониторинг како алатка за проценка на судската заштита на жените- жртви; примена на пристап ориентиран кон жените жртви т.е. вклучување на жените жртви во спроведувањето на предвидените активности; како и идентификување и застапување на стратешки случаи во областа на насилство врз жените, кои доколку бидат успешни ќе овозможат креирање на значајни судски преседани или поттикнување на промени во законите, политиките или праксата.

***Обезбедување директни услуги на ранливите категории на жени*** е една од долгорочните стратешки определби на ЕСЕ. Директните услуги ќе се обезбедуваат преку работата на: Центарот за правна помош на жени жртви на семејно насилство, Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство и Здравствено информативниот центар.

## I. МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ВЛАДАТА И ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ПРОСЛЕДЕНО СО АКТИВНОСТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

**Општа цел:** Подобрен пристап до услугите за здравствена заштита за жените и Ромите преку примена на методологијата за анализа и мониторинг на буџети како алатка за зголемена транспарентност и отчетност на владините институции.

**Конкретни цели:**

- подобрување на опфатот на децата Роми со вакцинација и здравствените услуги од превентивната здравствена заштита;
- подобрување на опфатот на жените со превентивни здравствени услуги за рано откривање на малигни заболувања, со главен акцент на ранливите групи на жени;
- подобрување на пристапот до терапија на лица кои живеат со ретки болести;
- зајакнување на капацитети на вработените во ЕСЕ за примена на родовото буџетирање;
- зајакнување на капацитети на граѓанските организации во Македонија во однос на правото на здравје, човековите права во здравствената заштита, применето буџетско работење и мониторинг на заедницата, фискална транспарентност и пристап до буџетски информации; и
- зголемување на транспарентноста на Министерството за здравство и други релевантни владини и јавни институции.

Во 2015, ЕСЕ ќе продолжи да ја применува методологијата на анализа и мониторинг на буџети во областа на здравјето и здравствената заштита. Исто така, оваа година ЕСЕ ќе продолжи да работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста на Владата и јавните институции, особено во областа на здравството кое ќе биде поддржано со медиумски активности.

Во таа насока, ЕСЕ ќе работи на:
- анализа и мониторинг на буџети проследено со активности за застапување во областа здравство;
- родовото буџетирање; и
- зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Владата и владините институции, особено институциите во областа здравство.

**1. Анализа и мониторинг на буџети проследено со активности за застапување во областа здравство.** Во рамки на оваа активност, ЕСЕ ќе продолжи со редовните активности за континуиран мониторинг на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и Програмата за систематски прегледи за учениците и студентите со цел подобрување на опфатот со имунизација и услуги за превентивна здравствена заштита на децата од ромските заедници. Во истиот период, со цел зголемување на опфатот на жени со услуги за превентивна здравствена заштита во однос на раното откривање на малигни заболувања, ЕСЕ ќе продолжи со редовните активности за континуиран мониторинг на Програмата за рано откривање на малигни заболувања. Оваа година, ЕСЕ ќе ги прошири активностите за мониторинг и анализа на буџети, преку вклучување на Програмата за ретки болести во редовните активности од оваа област, а со цел да се подобри пристапот

до терапија на лица кои живеат со ретки болести. Покрај активностите за мониторинг и анализа на буџети, во 2015 година ЕСЕ ќе спроведе обука на нова група на граѓански организации со цел зајакнување на нивните капацитети во однос на правото на здравје, применето буџетско работење и мониторинг на заедницата.

***1.1. Мониторинг на програмата и буџетот за програмите за превентивна здравствена заштита на национално ниво.*** Мониторингот на програмската и буџетската имплементацијата на програмите за превентивна здравствена заштита, ЕСЕ и во 2015 година ќе продолжи да го темели на податоци прибрани преку барања за пристап до информации од јавен карактер поднесени до институции на разни нивоа, и секундарни извори на податоци кои се јавно достапни. Со мониторингот, ЕСЕ и оваа година ќе има за цел да го следни: извршувањето на буџетот на четирите програми за превентивна здравствена заштита; извршувањето на активностите кои се предвидени и планирани во овие програми; извршувањето на севкупниот буџет на државата, буџетот на Министерството за здравство и буџетот на ФЗОМ; и извршувањето на буџетот и активностите на ниво на вклучените извршители на програмите. Во 2015 година, ЕСЕ ќе го мониторира извршувањето на буџет и активности на четирите програми предвидени за 2014 година. Со мониторинг на активностите и буџетот за Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата на национално ниво, ЕСЕ ќе го опфати работењето на следните институции: Министерство за здравство – Сектор за превентивна здравствена заштита, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, јавните здравствени институции кои ги спроведуваат активностите и Фондот за здравствено осигурување. Со мониторинг на активностите и буџетот на Програмата за систематски прегледи за ученици и студенти, ќе биде опфатена работата на Министерство за здравство – Сектор за превентивна здравствена заштита и сите здравствени домови во РМ. Мониторингот на Програмата за рано откривање на малигни заболувања, на национално ниво, ќе биде фокусиран на компонентата за превенција на рак на грлото на матката и карцином на дојка. За таа цел, ЕСЕ ќе го опфати работењето на: Министерство за здравство – Сектор за секундарна и терциерна здравствена заштита, јавни здравствени установи кои ги спроведуваат активностите и Фондот за здравствено осигурување. Со мониторингот на Програмата за ретки болести ќе биде опфатено работењето на Министерството за здравство и јавните здравствени установи кои се вклучени во дистрибуција на терапијата наменета за лица кои живеат со ретки болести. Покрај наброените институции, предмет на интерес на ЕСЕ ќе биде и работењето на Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Државниот завод за ревизија. Потребните документи и податоци за процесот на мониторинг ќе бидат обезбедени преку примена на одредбите од Законот за слободен пристап до јавни информации. Во рамки на имплементацијата на оваа активност за 2014 година, ЕСЕ ќе опфати 60 јавни институции. По собирање на податоците, ЕСЕ истите ќе ги анализира. Подготвената анализа ќе претставува основа за подготовка и спроведување на стратегии за застапување. ЕСЕ ќе подготви три одделни стратегии за застапување на национално ниво. **Првата стратегија за застапување** ќе има за цел да се подобри опфатот на децата Роми со имунизација и превентивни здравствени услуги и истата ќе биде подготвена во соработка со партнерските ромски организации (КХАМ и ЦДРИМ). **Втората стратегија за застапување** ќе има за цел да се зголеми опфатот на жени со превентивни здравствени услуги за рано откривање на малигни заболувања. Со цел за подготовката на стратегијата за застапување за унапредување на опфатот на жените со

Програмата за рана детекција на малигни заболувања, ЕСЕ ќе формира експертска група, составена од специјалисти по гинекологија и акушерство и експерти од областа на јавното здравје. Оваа група ќе има за цел да подготви конкретни препораки за унапредување на Програмата во делот на скрининг за рано откривање на рак на грлото на матката. **Третата стратегија за застапување** ќе има за цел да го унапреди пристапот до терапија на лицата кои живеат со ретки болести, а истата ќе биде спроведена во координација со Националната алијанса за ретки болести, каде што претставник од ЕСЕ е член во Извршниот одбор.

Во 2015, ќе продолжиме да соработуваме со домашните и меѓународни експерти со кои има веќе воспоставена соработка, а во насока на унапредување на работењето на полето на мониторинг на превентивните здравствени програми.

***1.2. Обука на граѓански организации за применето буџетско работење и мониторинг во заедницата.*** Во текот на 2014 година, ЕСЕ во соработка со домашен експерт спроведе две последователни обуки наменети за граѓански организации кои работат на полето на здравство. Со обуката беа опфатени вкупно 12 граѓански организации. Во 2015 година, ќе ги унапредиме материјалите користени за обука во согласност со препораките добиени од страна на граѓанските организации –учесници во првиот циклус на обуки и ќе идентификуваме нова група на граѓански организации кои работат на полето на здравството и образование со цел спроведување на две последователни обуки. На обуката граѓанските организации ќе се запознаат со правото на здравје, организацијата и поставеноста на здравствениот систем во РМ, системот на финансирање на здравството во РМ, методологијата за анализа и мониторинг на буџети и мониторинг на заедницата итн. Обуката ќе ја спроведат претставници на ЕСЕ и еден домашен експерт. Идентификуваните учесници од организациите на граѓанското општество ќе имаат обврска да присуствуваат и на двата модули обука. Обуката во времетраење од пет дена, дел, односно првиот модул ќе се спроведе во првата половина, а вториот модул во втората половина на 2015.

**2. Родовото буџетирање.** Родовото буџетирање ќе се примени со цел: подобрување на пристапот на жените до услуги за репродуктивно здравје; подобрување на состојбата на лицата кои се грижат за тешко болни лица во Ромските семејства; мониторинг на имплементацијата на грантот ОРИО; и мониторинг на спроведувањето на Националната стратегијата за семејно насилство 2008-2011 година. Овие активности се планирани и се спроведуваат со помош од меѓународниот експерт Деби Будлендер.

***2.1. Подобрен пристап на жените до услуги за репродуктивно здравје.*** Во однос на работата за подобрен пристап на жените до услуги за репродуктивно здравје и мониторингот на Програмата за рано откривање на малигни заболувања, ЕСЕ заклучи дека една од главните пречки за пристап до овие услуги е недостигот на гинеколози во примарната здравствена заштита, особено во руралните области и помалите градови. Во 2014 година ЕСЕ подготви буџетски калкулации и предлози за надминување на овие состојби и унапредување на пристапот на жените до гинеколошката здравствена заштита на примарно ниво. Подготвени предлози ќе бидат дадени на разгледување на експертската работна група составена од специјалисти по гинекологија и акушерство и експерти од областа на јавното здравје, со цел истите да бидат доработени и унапредени.

По финализацијата на предлог мерките истите ќе бидат доставени до Министерството за здравство и ќе бидат јавно промовирани.

***2.2. Анализа за неплатената нега за тешко болни лица во ромските семејства.*** Во тек на 2014 година ЕСЕ спроведе анкетирање во ромските семејства кои се грижат за тешко болни лица во нивните домаќинства. Во тек на 2015 година, ЕСЕ ќе изврши анализа на податоците и ќе го утврди обемот на работа на жените Ромки поврзани со негата за тешко болни лица, а воедно ќе ги процени и трошоците на домаќинството поврзани со негата. Добиените податоци понатаму ќе послужат за развивање на стратегија за застапување, која ќе има за цел подобрување на состојбата на лицата кои се грижат за тешко болни лица во своите домаќинства.

***2.3. Мониторинг на спроведување на грантот ОРИО (проект за инфраструктурен развој).*** Во 2015, ЕСЕ ќе продолжи со спроведување на активности за утврдување на степенот на реализација на средствата кои Министерството за здравство на РМ ги има добиено преку програмата ОРИО, како и утврдување на нивото на реализација на активностите планирани со овој проект.

***2.4. Мониторинг на финансирањето за стратегијата за семејно насилство.*** Во 2015, ЕСЕ ќе продолжи со анализа на имплементацијата на активностите за Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2008-2011 година, односно на спроведување на Заедничката програма на ОН „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство за периодот 2008-2011" и проектот на агенциите на ОН во Македонија поддржан од страна на Фондот на ОН за борба против насилството врз жените во врска со спроведување на споменатата стратегија.

**3. Унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции, со посебен фокус на институциите од областа на здравството.** Со цел унапредување на степенот на транспарентност и отчетност на јавните институции, во 2015 година, ЕСЕ ќе ги спроведе следните активности: спроведување на постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер; оценка на степенот на проактивност на јавните институции; и дополнителни активности за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции. Па оттука, и оваа година ќе продолжиме да поднесуваме барања за пристап до информации од јавен карактер за оние информации кои не се јавно достапни. Поточно во 2015 година ќе поднесеме 1.000 барања за пристап до јавни информации до вкупно 60 јавни институции. При спроведувањето на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе ги користиме заштитните механизми утврдени со Законот за слободен пристап до информации и останати закони. Овие механизми ќе ги користиме при молчење на јавната администрација или пак при добивање на одговори со лош квалитет. Сите добиени податоци од јавните институции и спроведените жалбени постапки ќе бидат достапни на пошироката јавност преку интернет страницата на ЕСЕ.

***3.2. Оценка на степенот на проактивност на јавните институции.*** Со цел оценка на степенот на проактивност на институциите од јавниот здравствен сектор, во текот на 2015 година, ќе спроведеме мониторинг на содржината на официјалните интернет страници на 20 јавни институции, кои се предмет на интерес на ЕСЕ. Степенот на

проактивност ќе се оценува според претходно развиена методологија, а како водечки индикатор за успешност ќе се користи бројот на објавени основните буџетски документи и информации и зачестеност на нивно објавување.

***3.3. Дополнителни активности за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции.*** Со цел унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции, во овој период ќе бидат преземени и низа на дополнителни активности, како што се: превод на два прирачника за буџетска транспарентност, отчетност и партиципација; воспоставување соработка со граѓански организации од регионот и учество во работните групи за следење на имплементацијата на компонентите за фискална транспарентност и слобода на информации од иницијативата за Отворено Владино Партнерство. Во 2015 година ќе продолжиме со преземање на активности кои произлегуваат од членувањето на ЕСЕ во ВТАР и иницијативата Отвореното Владино партнерство.

**Очекувани резултати:**

- спроведен мониторинг и анализа на имплементацијата (програмска и буџетска) на четирите превентивни програми на Министерството за здравство;
- спроведени активности за застапување за зголемен опфат на децата Роми со имунизација и услуги за превентивна здравствена заштита; зголемен опфат на жени со услуги за превентивна здравствена; унапредување на пристапот на лицата кои живеат со ретки болести и зголемување на бројот на лица кои ќе бидат опфатени со терапија обезбедена од Министерството за здравство;
- спроведена обука за двата модули наменети за претставници на организациите на граѓанското општество;
- изработени пресметки за разни мерки кои имаат за цел да се зголеми опфатот на жените со превентивни гинеколошки услуги;спроведен мониторинг на имплементацијата на грантот ОРИО; спроведен мониторинг на финансирањето за стратегијата за семејно насилство;спроведена анализа на влијанието кое неплатената нега за тешко болен член на семејството го има врз ромските жени и ромските семејства;
- подготвени и поднесени 1.000 барања за слободен пристап до јавни информации во 60 јавни институции;проценка на степенот на транспарентност и отчетност на 20 јавни институции; и објавени две упатства за буџетска транспарентност, отчетност и учество.

## II. СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ

**Општа цел**: Подобрена здравствена состојба на Ромите преку примена на пристапите за социјална отчетност, правно описменување и оспособување

**Конкретни цели**:
- користење на мониторингот на заедницата и социјална ревизија како пристапи за зголемена отчетност на јавните здравствени установи;
- подобрување на опфатот на децата Роми со имунизација и превентивни здравствени услуги (патронажни сестри, редовни медицински прегледи и унапредување на здравјето);
- подобрување на опфатот на жените Ромки со превентивни гинеколошки услуги, предвидени во Програмата за рана детекција на малигни заболувања (скрининг за рак на грло на матка);
- обезбедување на техничка помош и поддршка на ромските партнерски организации во континуирано обезбедување параправна помош во општините Шуто Оризари, Делчево и Пехчево.

**Мониторинг на заедницата.** Во 2015 година, ЕСЕ ќе продолжи со спроведување на активностите за мониторинг на заедницата и социјална ревизија за опфат на децата Роми со имунизација и опфат на жените Ромки со превентивни гинеколошки услуги во соработка со две партнерски ромски граѓански организации (КХАМ и ЦДРИМ), кои работат во четири општини: Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница. И оваа година ќе продолжиме со обезбедувањето на техничка помош и координација за ромските граѓански организации кои работат на полето на мониторинг на заедницата на локално ниво, додека ромските партнерски организации ќе продолжат со спроведување на активностите кои имаат за цел зголемен опфат на децата Роми со имунизација. На почетокот на 2015, ЕСЕ и партнерските организации ќе подготват стратегија за застапување за подобрен опфат на децата Роми со имунизација, која ќе биде имплементирана во текот на годината на локално и национално ниво. За таа цел ќе се одржи дводневна работилница. При крајот на 2015 година ќе се спроведе и процес на мониторинг чија главна цел ќе биде да се процени состојбата по однос на опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги (посета од патронажни сестри, здравствено едукативни работилници и материјали). Методологијата по која ќе се спроведе мониторингот ќе биде дополнително договорена помеѓу ЕСЕ и партнерските организации во втората половина на годината. Во 2014 ЕСЕ својата работа на полето на мониторинг на заедницата и социјалната ревизија ја прошири и на областа на превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на грлото на матката, што е во согласност со континуираната работа на ЕСЕ за мониторинг на буџетот за Програмата за рано откривање на рак на грлото на матката. Во почетокот на 2015 со партнерските организации ќе спроведеме теренско истражување помеѓу жените Ромки во општините Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница, со цел да се утврди опфатот на жените Ромки со Програмата за скрининг за рано откривање на карцином на грлото на матката. Потоа во процес со техничка поддршка од страна на ЕСЕ, добиените податоци ќе бидат обработени и презентирани во форма на Картички за оценка од заедницата. Врз основа на овие наоди ЕСЕ и партнерските организации ќе подготват предлог мерки за унапредување на опфатот на жените Ромки со превентивните услуги од Програмата и ќе

спроведат стратегија за застапување во тек на 2015 година на локално и национално ниво. Со цел за зајакнување на работата на социјална ревизија, во првата половина од годината ЕСЕ во соработка со меѓународен експерт ќе спроведе процес на стратешко планирање за унапредување на работата на полето на социјална ревизија, на која ќе учествуваат и партнерските ромски организации. Согласно подготвениот план партнерските организации КХАМ и ЦДРИМ, со техничка поддршка од ЕСЕ ќе ја спроведуваат социјалната ревизија. Со цел да се координира севкупната работа, вкупно осум координативни состаноци ќе се одржат во текот на годината. На овие состаноци ќе учествуваат вработените во ЕСЕ и претставниците на партнерските организации.

**Параправна помош.** Во рамки на активности за зајакнување на капацитетите на ромските партнерски организации и параправниците за обезбедување на параправна помош и поддршка во 2015 ќе се спроведат низа активности, меѓу кои: обуки за подобрување на знаењата и вештините на параправниците; надополнување на ресурсна библиотека; унапредување на начинот на работење на параправниците; супервизија над работата на параправниците и обезбедување на поддршка во насока на изнаоѓање на дополнителни средства за финансирање на ромските граѓански организации кои нудат параправна помош. Активностите за обезбедување параправна помош и поддршка за локалните ромски заедници во 2015 година ќе се спроведат преку: ангажирање на параправници; функционирање на програмите за параправна помош преку обезбедување параправна помош во поединечни случаи (параправната помош и поддршка ќе ја обезбедува ангажирана/избрана група на параправници по принципот на ненајавени посети); информирање на граѓаните и промотивни активности (овие активности овозможува директно информирање на ромското население по принципот „од врата на врата"); едукативни активности и средби со локалните чинители за потребите на заедницата. Во текот на 2015 година ќе се преземат активности за застапување со цел постигнување на одржливост на услугите кои се нудат преку програмите за параправна помош. Со оглед на улогата на општините и тековниот процес на децентрализација во земјата, ромските организации со поддршка од ЕСЕ и ФООМ ќе иницираат активности за застапување насочени кон единиците на локалната самоуправа.

**Спојување на концептите за социјална отчетност и правно описменување и оспособување.** Од 2011, ЕСЕ во партнерство со три локални граѓански организации ја спроведува методологијата за мониторинг на заедницата како пристап за социјална отчетност, а главната цел е да се подобри опфатот на ромските деца со имунизација и услуги за превентивна здравствена заштита. Исто така, од 2011 ЕСЕ во партнерство со три локални граѓански организации обезбедува параправна помош како пристап за правно описменување и оспособување за да им се овозможи на Ромите да ги остварат здравствените права. Две од ромските партнерски организации ги спроведуваат и двата пристапи, па оттаму, ЕСЕ и партнерските организации ја увидоа можноста за спојување на овие пристапи. Со таа цел во тек на 2015 година, ЕСЕ ќе спроведе процес на стратешко планирање за спојување на двата концепта и за таа потреба ќе ангажира меѓународен експерт на ова поле. Преку одржување на две работни средби, преглед на достапната литература и континуирана комуникација со консултантот, персоналот на ЕСЕ во соработка со претставници од КХАМ ќе подготви план за спојување на двата концепти. По подготовката на планот, истиот ќе биде пилотиран во општините каде што работи КХАМ и ќе биде проценета успешноста од пилот реализацијата на планот.

**Очекувани резултати:**

- проценета состојбата по однос на опфатот на жените Ромки со превентивните услуги од Програмата за скрининг на рак на грло на матка, преку спроведено истражување во заедницата и подготвени стратегии за подобрен опфат на децата Роми со имунизација и превентивни услуги на локално и национално ниво; подготвена стратегија за подобрен опфат на жените Ромки со превентивните услуги од Програмата за скрининг на рак на грло на матка;
- подготвен план за унапредување на примената на компонентата за социјална ревизија;
- обезбедување на континуирана обука за параправниците и координаторите (организирани три обуки); развиена ресурсна библиотека;организирани посети за мониторинг на работата на параправниците (вкупно 4);
- обезбедена параправна помош и поддршка на околу 400 Роми во трите општини (Шуто Оризари, Делчево и Пехчево, село Црник);
- подготвен и пилотиран план за спојување на двете компоненти (мониторинг на заедницата и параправна помош).

## III. ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА ИНТЕРВЕНЦИИТЕ ЗА ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА РОМИТЕ

Во 2015 година ЕСЕ, граѓанската организација КХАМ од Делчево и Универзитетот John Hopkins од САД ќе спроведат истражување  по однос на влијанието на интервенциите за пристап до правдата врз здравјето на Ромите. Поточно, истражувањето ќе се однесува на влијанието кое го имаат интервенциите на полето на обезбедување на параправна помош и поддршка на Ромското население од страна на организацијата КХАМ.

ЕСЕ,  како обезбедувач на техничка помош и поддршка на Ромските граѓаснки организации во обезбедувањето на параправна помош и граѓанската организација КХАМ како во директен обезедувач на параправна помош на полето на здравствена заштита, осигурување и заштита на права на пацинети ќе дададтѕ свој придонес во: развивањето на методологијата за истражување и евалуација на влијанието на овие интервенции врз здравјето на Ромите; развивање и утврдување на протоколот и одобрението за спроведување на истражувањето во Македонија; координирање на процесот на прибирање на потребните податоци; анализирање на прибраните податоци; подготовка на истражувачки извештај; и подготовка на статија/напис за спроведеното истражување.

**Очекувани резултати:**

- утврдена состојбата по однос на влијанието на параправната помош и поддршка во областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштита на права на пациенти врз здравјето на Ромите;
- подготвен извештај и статија/натпис за спроведеното истражување.

# IV. МОНИТОРИНГ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## A. ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

**Општа цел:** Зголемена свесност и остварување на човековите права во здравствена заштита.

**Конкретни цели:**
- подобрено разбирање на заштитата на правото на здравје кај практичарите преку редовно ажурирање на веб страната: healthrights.mk и ажурирање на Водичот за практичари;
- зголемена можност за користење на механизмите за заштита на правото на здравје и правата на пациентите и за преземање и иницирање на стратешки случаи за застапување;
- подготовка на извештај во сенка кон Меѓународниот пакт за економски социјални и културни права за имплементација на правото на здравје; и
- подготовка на видео за застапување

Во рамки на оваа компонента ќе се спроведуваат следните активности:

**Ажурирање на Водичот за практичари и одржување на веб страната www.healthrights.mk**. Оваа активност вклучува мониторирање на човековите права во системот на здравствена заштита, односно следење на регулативите и политиките во областа на здравството. Соодветно на спроведениот мониторинг и утврдените новини се идентификуваат потребите за ажурирање на Водичот за практичари. Друг важен аспект е идентификувањето и документирањето на практични примери за спроведувањето/неспроведување на правата на пациентите, за да тие можат да се искористат и вклучат во Водичот за практичари. Здружение ЕСЕ, во текот на 2015 година исто така ќе продолжи со натамошно надградување и ажурирање на веб страната www.healthrights.mk.

**Подготовка на Извештај во сенка кон Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права.** По позитивните резултати од соработката и вмрежувањето на повеќе здруженија на граѓани во процесот на подготовка на Заедничкиот поднесок за здравство во рамки на Универзалниот периодичен преглед (УПП), ЕСЕ во 2015 година ќе подготви и поднесе Извештај во сенка до Комитетот при ОН задолжен за следење на имплементацијата на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Имено, оваа активност ќе се реализира преку одржување на четири консултативни средби во соработка со наведената група на претставници на граѓански организации кои работат на здравствени прашања. Примарниот акцент ќе биде ставен на правото на здравје пропишано со член 12 од овој пакт, при што детално ќе се оценуваат основните елементи на здравјето. Исто така, извештајот ќе вклучува и посебни податоци за одредени маргинализирани и социјално исклучени групи кои се најзасегнати и дискриминирани во однос на остварувањето на правото на здравје, како што се: Ромите, жените, корисниците на дрога, сексуалните работници, лицата со интелектуална

попреченост, итн. Подготвениот извештај во сенка ќе содржи и заклучни наоди и препораки за спроведувањето на правото на здравје и сродните права.

**Користење на механизмите за заштита при повреда на правото на здравје и иницирање на стратешки случаи на застапување.** Преку две консултативни средби со претставници на здруженија на граѓани чиј домен на работа е остварување на правото на здравје ќе се дискутираат искуствата од преземените управни или судски постапки во однос на повредите на човековите права кои се однесуваат на правото на здравје и правата на пациентите. Оттаму, се очекува дека преку овој процес ќе дојде до зголемена соработка, особено преземање и иницирање на стратешки случаи на застапување за здравствени прашања кои се релевантни за повеќето организации. Во тој поглед, средбите исто така ќе се користат за разгледување на аргументите за тоа кои предмети се стратешки и може да предизвикаат поголеми општествени промени, односно да водат кон подобрување и остварување на правото на здравје во нашата земја.

**Подготовка на видео за застапување.** Во 2015 година, ЕСЕ ќе подготви видео за застапување со наслов: „ Да се зголеми пристапот на Ромки до превентивни гинеколошки прегледи". Видеото има две цели и тоа да се зголеми пристапот на Ромки (во Шуто Оризари, Делчево и Црник) до бесплатните превентивни гинеколошки прегледи предвидени во рамки на Програмата за рана превенција на рак на грло на матка и дојка, како и од друга страна Министерството за здравство да го зголеми опфатот на жени со наведената програма, односно да обезбеди нејзина доследна имплементација. По изработката на видеото, здружението ЕСЕ ќе подготви план за промоција и дистрибуирање на истиот во соработка со партнерските Ромски организации.

**Очекувани резултати:**

- ажуриран Водич за практичарите и содржина на интернет страната: healthrights.mk;
- организирани две консултативни средби заради подобрено користење на механизмите за заштита на правото на здравје заради преземање и иницирање на стратешки случаи за застапување;
- подготвен Извештајот во сенка за имплементацијата на правото на здравје кон Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и
- подготвено видео за застапување.

## Б. МОНИТОРИНГ НА ЖЕНСКИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Општа цел:** Обезбедување адекватна законска заштита за жените жртви на сите форми на насилство и дискриминација.

**Конкретни цели:**

- проценување на степенот на судска заштита која им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите за соодветно

спроведување на важечките прописи и меѓународно пропишаните стандарди во оваа област (фокус на Конвенцијата CEDAW);
- идентификување на пречките и подготовка на препораки за унапредување, измени и дополнување на законска рамка за заштита;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.

**Подготвителни активности.** Врз основа на основните податоци за бројот и видот на започнати судски постапки во сите судови ширум земјата, ќе биде направена селекција на вкупно 10 основни судови во кои потоа ќе се организира набљудување на судските предмети.

**Проценка на степенот на судска заштита која се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите.** Во рамките на оваа цел од проектот во текот на 2015 година ќе бидат преземени следните активности: собирање на основни податоци за постапувањето на судовите во постапките поврзани со насилство и дискриминација врз жените; подготовка на прашалници за судско набљудување; регрутирање на набљудувачи од Коалиција "Сите за правично судење"; спроведување на набљудување на тековни судски предмети поврзани со: семејно насилство; трговија со жени; сексуално насилство, сексуални работнички.

**Идентификување на пречките и подготовка на препораки за унапредување, измена и дополненија на законската рамка за заштита**. Во 2015 година во рамки на оваа проектна цел ќе биде спроведена анализа на законската рамка за заштита од насилство, ќе бидат спроведени интервјуа со експерти и фокус групи на жените жртви на различни видови на насилство. Анализата ќе вклучува и препораки за унапредување на постојната законска рамка за заштита на жртвите на насилство и дискриминација.

**Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.** Во рамките на оваа активност во текот на целата година ќе се обезбедуваат директни услуги за жените жртви на насилство и дискриминација, односно обезбедување на бесплатна правна помош и судско застапување, како и психолошка поддршка преку Центарот за правна помош кој функционира во ЕСЕ (во соработка со партнерите на проектот).

**Промоција на Проектот на УСАИД.** Со цел запознавање на јавноста со проектот кој го спроведува ЕСЕ ќе биде организирана прес конференција во првата половина на 2015 година.

**Очекувани резултати**
- спроведен судски мониторинг на тековни судски предмети/рочишта;
- подготвена анализа на законската рамка за заштита на човековите права преку спроведување на 20 експертски интервјуа и осум фокус групи и подготвени

препораки за унапредување на постоечката законска рамка согласно на конкретните потреби за секоја ранлива група;

- обезбедена бесплатна правна помош и совети на околу 270 жени жртви на насилство и дискриминација.

## V. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВНИ, ПСИХОЛОШКИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОМОШ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖЕНИ

**Општа цел**: Обезбедување информации, помош и поддршка за ранливи категории на жени.

**Конкретни цели:**
- обезбедување бесплатна правна помош и судско застапување во предметите за семејно насилство и обезбедување психосоцијална помош, поддршка и третман за жените жртви на семејно насилство; и
- обезбедување информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, здравствени проблеми поврзани со менопауза и остеопороза, анализа на крвта и обезбедување витамини, лекови и контрацепција.

**Центар за правна помош (ЦПП) и Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство.** Преку работењето на Центарот за правна помош за жртви на семејно насилство овозможуваме еднаков пристап до правдата на сите ранливи категории на жени, посебно на жртвите на семејно насилство. Бесплатната правна помош (совети, информации, подготовка на правни поднесоци) и судското застапување се обезбедуваат од страна на професионално лице адвокат. Бесплатно застапување пред суд се обезбедува за жртвите кои имаат исклучително неповолен социјален и економски статус. Услугите кои се даваат во рамки на ЦПП овозможуваат зголемување на степенот на правна писменост на жртвите на семејно насилство и нивно активно вклучување во процесот на унапредување и заштита на нивните права. Во рамки на здружението функционира и Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство кое обезбедува психосоцијална поддршка и третман на сите жртви на семејно насилство кои се подготвени да го прекинат кругот на насилството. Советувалиштето преку професионално лице психолог/терапевт нуди повеќе типови на помош во областите на превенција, советување, кризни и пост-трауматски интервенции. Клиенти на советувалиштето се жени жртви на семејно насилство, како и децата кои најчесто се јавуваат како секундарни жртви. Процесот на обезбедување помош и поддршка во советувалиштето се одвива преку редовно одржување на состаноци на индивидуално или групно ниво.

**Здравствен информативен центар за жени.** Во 2004 беше отворен Здравствениот информативен центар за жени како дел од здружението ЕСЕ со цел да се обезбедуваат бесплатни, квалитетни и веродостојни информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, менопауза и остеопороза. Со текот на годините беше проширен опсегот на работата на центарот и притоа нуди бесплатно тестирање за глукоза, холестерол и триглицериди во крвта и мерење на крвниот притисок. Мотото на центарот е „Зајакнувањето започнува со информирањето". Врз основа на нашата визија дека сите жени треба да имаат право на слободен избор во врска со своето здравје, репродукција и сексуалност – свет во кој жените ќе го остварат својот потенцијал и ќе практикуваат здрави животни навики, активностите на Центарот ќе ги опфаќаат потребите на жените низ целиот животен циклус (од адолесценција до менопауза). Активностите се спроведуваат преку континуирана работа на Здравствениот

информативен центар за жени (информации и советување на жените за гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, проблеми поврзани со менопаузата и остеопорозата и анализа на крвта) и организација на јавни настани еднаш во годината за подигнување на јавната свест за конкретни потреби поврзани со здравјето на жените.

**Очекувани резултати:**

- обезбедена бесплатна правна помош и совети на 200 жени; обезбедено бесплатно судско застапување за пет жртви на семејно насилство; и обезбедена психосоцијална поддршка за 30 жени жртви на семејно  насилство;
- обезбедени здравствени информации и обезбедени директни услуги (брза анализа на крв за гликемија и ниво на холестерол и триглицериди; мерење на крвниот притисок) за 90 жени.

## VI. МЕДИУМСКА КОМПОНЕНТА

ЕСЕ секоја година, врз основа на тригодишниот стратешки план, развива поединечни годишни планови за промоција на активностите од секоја програмска компонента и промоција на работењето на ЕСЕ. Комуникациска стратегија за 2015 година е составена од: клучните приоритети, комуникациски цели и целната група за секоја од предвидените компоненти, пораките кои треба да бидат пренесени преку спроведување на одделните промотивни активности, временската динамика и одговорностите на вработените на ЕСЕ за спроведување на поединечните активности. Во текот на 2015 година, ЕСЕ ќе ги преземе следните активности: техничка помош и поддршка на партнерските ромски организации и параправниците во спроведување на медиумските активности; спроведување на јавни настани за здравје на Роми, женско здравје, остварување на правото на здравје и фискална транспарентност; промоција на тематска интернет страница за фискална транспарентности; подготовка и промоција на видео запис за застапување од областа на човековите права во здравствена заштита; промоција на активностите од проектот за правна заштита на жените; започнување со активности за развивање на софтвер за прибирање на дополнителни информации од заедницата; одбележување на меѓународни денови за прашања кои се предмет на интерес на ЕСЕ; и поедноставување и визуелизација на резултатите од работењето.

### Очекувани резултати:

- развиена годишна програма за промовирање на резултатите и работењето на ЕСЕ за 2015 година;
- обезбедена техничка поддршка на групата за медиумско застапување за зголемување на опфатот на децата Роми со мерки за превентивна здравствена заштита и вакцинација и жените Ромки со превентивни гинеколошки услуги;одбележани девет меѓународни денови;спроведени пет јавни настани; подготвен и промовиран видео запис за застапување; промовирана тематска интернет страница за фискална транспарентност и олеснување на комуникацијата помеѓу граѓаните и јавните институции; спроведени подготвителни активности за воспоставување на софтвер за прибирање на дополнителни информации од заедницата од областите од интерес на ЕСЕ; и подготвени и промовирани два инфо графици.